Post-COVID-19 syndrome (PCS) or commonly referred to as long-COVID is defined as a wide range of new, returning, or ongoing health problems that people experience beyond 12 weeks after COVID-19 infection. Common symptoms include fatigue, dyspnea, sleeping difficulties, chest pain, headache, cough, and mental health problems. The latest estimates suggest that 10 to 20% of the SARS-CoV-2 patients who undergo an acute symptomatic phase are experiencing PCS. Although there are accumulating data that adipose tissue dysfunction and hyperglycemia play a significant role in the clinical course of SARS-CoV-2 infection, there remain huge gaps in our knowledge, particularly in relation to the etiology and treatment of PCS. Importantly, one of the biggest unknowns is whether SARS-CoV-2 can persist in islet cells and whether insulin deficiency, either due to viral destruction, or local T-cell infiltration is present. Hence, it is difficult to propose therapeutic regimens that treat or shorten ‘long-COVID’ from a metabolic perspective. Longitudinal studies of glucose tolerance and insulin sensitivity will be required among PCS individuals to assess the distinction between insulin resistance and deficiency. Moreover, based on numerous observations, adipose tissue may be a direct target for intervention through the use of a broad range of antidiabetic agents that lead to improvements in systemic metabolic profiles which might prove beneficial in other ways as well. However, much progress is expected in this area over the next months when the full extent of the problem will become clearer, the pathophysiology better understood, and the clinical protocols for treatment more established.



ВОНДРЕДЕН ПРОФЕСОР ИВИЦА СМОКОВСКИ
(С. МАКЕДОНИЈА)

Ивица Смоковски (MD, PhD) е ендокринолог на Универзитетската Клиника по ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања и Вондреден професор на Медицинскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев, Штип. Тој ја имал една од најважните улоги при формирањето и работата на првата Национална Комисија за дијабетес. Проф. Сомоковски имал и главна улога при формирањето на Националниот е-Здравствен Систем поврзан со грижата за дијабетесот, притоа покривајќи ја тотална популација на земјата низ сите нивоа на здравствена заштита. Тој е автор на одличен труд во врска со грижата за дијабетесот во Република Северна Македонија: Предизвици и можности, првиот темелен пристап на ситуацијата со дијабетес во Р. Северна Македонија. Дополнително, тој е автор на првите анализи за дијабетес од Нациионалнот е-Здравствен систем. Тој е и првиот добитник на Награда за Најдобра публикувана студија, издадена од Списанието на лекарската комора на Македонија во 2014-та година и добитник на интернационалната награда Donnell D. Etzwiler во 2020-та година. Неодамна, ја објави книгата - Справување со дијабетесот во земји со низок приход: Овозможување на соодветна грижа за дијабетесот при лимитирани ресурси (Springer, 2021).

На 7-*мите* дијабетолошки денови во Македонија и 6-*ом* Ендокринолошки конгрес, Професор **Ивица Смоковски** ќе оддржи предавање на тема – **Преваленца и влијание на дијабетесот кај хоспитализирани пациенти со КОВИД-19: систематски приказ и мета анализа**

ASSOCIATE PROFESSOR IVICA SMOKOVSKI
(N. MACEDONIA)

Ivica Smokovski, MD, PhD is Endocrinologist at University Clinic of Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders Skopje, and Associate Professor at Faculty of Medical Sciences, University Goce Delcev Stip. He has been instrumental in instituting and serving as a member of the first National Diabetes Committee. Prof Smokovski had a key role in the founding of National e-Health System related to Diabetes Care, covering the total population of the country across all healthcare levels. He authored the State-of-the-Art article on Diabetes Care in the Republic of Macedonia: Challenges and Opportunities, the first comprehensive overview of the situation with diabetes in the Republic of North Macedonia. In addition, he authored the article First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National e-Health System, the first analysis of diabetes data from the National e-Health System. He was the first winner of the Prize for Best published article in the Journal of Doctor's Chamber of Macedonia in 2014, and a winner of the Donnell D. Etzwiler International Scholar Award 2020. He has recently published the book Managing Diabetes in Low Income Countries: Providing Sustainable Diabetes Care with Limited Resources (Springer, 2021).

At the 7th Diabetes Days in Macedonia and the 6th Endocrinology Congress, Professor ***Ivica Smokovski*** *will give a lecture on –* ***Prevalence and impact of diabetes in hospitalized COVID-19 patients: a systematic review and meta-analysis***

ПРЕВАЛЕНЦАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ДИЈАБЕТЕСОТ КАЈ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ ПАЦИЕНТИ СО КОВИД-19: СИСТЕМСКИ ПРЕГЛЕД И МЕТА-АНАЛИЗА

Беше направен системски преглед и мета-анализа за одредување на преваленцата на дијабетес кај хоспитализирани КОВИД-19 пациенти и испитување на асоцијацијата помеѓу дијабетесот и тешката форма на КОВИД-19, стапката на акутен респираторен дистрес синдром (АРДС), морталитетот и потребата од механичка вентилација. Беа селектирани индивидуални студии според дефинирана стратегија за пребарување,

вклучувајќи ги и студиските резултати, заклучно со јули 2021 од базите PubMed, Embase, и Cochrane Central Register of Controlled Trials. Севкупната комбинирана проценка на превеленцата на дијабетес во кохортата за мета-анализа беше 31% (95% CI, 0.25-0.38; p<0.0001). Нашата мета-анализа покажа дека дијабетесот е сигнификантно асоциран со зголемена веројатност за тешка форма на КОВИД-19, зголемена стапка на АРДС, морталитет и потреба од механичка вентилација кај хоспитализирани пациенти.

PREVALENCE AND IMPACT OF DIABETES IN HOSPITALIZED COVID-19 PATIENTS: A SYSTEMATIC REVIEW AND META-ANALYSIS

Systematic review and meta-analysis has been performed to determine the prevalence of diabetes in hospitalized COVID-19 patients and investigate the association of diabetes and severe COVID-19, rate of acute respiratory distress syndrome (ARDS), mortality, and need for mechanical ventilation. Individual studies were selected using a defined search strategy, including results up until July 2021 from PubMed, Embase, and Cochrane Central Register of Controlled Trials. The overall pooled estimate of prevalence of diabetes in the meta-analysis cohort was 31% (95% CI, 0.25-0.38; p<0.0001). Diabetes is significantly associated with increased odds of severe COVID-19, increased ARDS rate, mortality, and need for mechanical ventilation in hospitalized patients as demonstrated by our meta-analysis.



СЕСИЈА НА „МЛАДИ ЕНДОКРИНОЛОЗИ“

“YOUNG ENDOCRINOLOGISTS” SESSION

Д-Р АЛЕКСАНДАР ШУМИНОСКИ

Д-р Александар Шуминоски е лекар, специјалист по ендокринологија, вработен во Општа Болница Струга од 2013 година до сега. Дипломирал во 2008 година, завршил специјализација по ендокринологија во 2021 година. Д-р Шуминоски е коавтор на неколку објавени научни статии во национални и меѓународни медицински списанија. Член е и на неколку национални и меѓународни организации од областа на интерна медицина, ендокринологија и дијабетес. Бил ко-инвестигатор во една клиничка студија од областа на дијабетесот.

ALEKSANDAR SHUMINOSKI, MD

Dr Aleksandar Shuminoski is a physician, specialist in endocrinology, an employee of the General Hospital Struga, since 2013 till now. He graduated in 2008, completed specialisation in endocrinology in 2021. Dr Shuminoski has co-authored some publicized scientific articles in national and international medical journals.He is also a member of some national and international organization in the field od internal medicine, endocrinology and diabetes. He has been a co-investigator in one clinical study in field of diabetes

ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ СО ЈОДНА КОНТАМИНАЦИЈА НА ТИРОДНА ЖЛЕЗДА

Вовед: Амиодарон е потентен антиаритмичен лек. Тоа е дериват на бензофуран со компоненти богати со јод со структурни сличности на тироксин (Т4). 200 мг амиодарон (1 таблетка) обезбедува повеќе од 100 пати од дневните јодни потреби на организмот. Полуживот на лекот е 50-100 денови. Кај 14-18% од пациентите кои се на терапија со амиодарон може да се забележат тироидни абнормалности. **Приказ на случај:** Пациентка на 74год. возраст консултира во амбуланта заради слабост,малаксаност,болка во грло. Од лабораториски анализи: TSH <0.05 (0.38-5.33mIU/L), FT4 35.54 (7.86-14.41pmol/L) aTPO 3.3 (<8IU/ml)- во прилог на тиротоксикоза. На редовна терапија со бблокатор, антиаритмик(Амиодарон), антихипертензив. Ехо на тироидна жлезда: Двата лобуси на тироидната жлезда со нормална големина. Лево се двои нодозна промена Р 10мм со мали хипоехогени зони. Десно према истмус суспектен помал нодус 4.5мм. Пациентката се постави на тиростатска терапија со Thyrozol 20 mg 2x1/2 и се закажа скен на тироидна жлезда(планарна сцинтиграфија 74MBq 99m Tc04)- во прилог **на хипофиксантна во целина тироидна жлезда, скенски наод високо суспектен за субакутен тироидит (диф. дг. Јодна контаминација)**. Се прекина терапијата со амиодарон,се намали дозата на тиростатик Thyrozol 2x5 mg. Редовни контроли на 40 дена. Тотална ремисија после 3 месеци, пациентката објективно и субјективно без тегоби. Закажана контрола за 6 месеци за следење на тироиден јазол.

Заклучок: Редовната контрола на тироидната функција кај пациенти кои се на терапија со амиодарон е есенцијална во рано откривање на тироидни абнормалности.

A CASE REPORT WITH IODINE CONTAMINATION OF THE THYROID GLAND

Introduction: Amiodarone is a potent antiarrhythmic drug. It is a benzofuran derivative with iodine-rich components with structural similarities to thyroxine (T4). 200 mg amiodarone (1 pill) provides more than 100 times the daily iodine needs of the body. The half lifespan of the drug is 50-100 days. Thyroid abnormalities can be observed in 14-18% of patients on amiodarone therapy.

Case report: A 74-year-old female patient comest in the outpatient clinic due to weakness, malaise, sore throat.Laboratory analyzes: TSH <0.05 (0.38-5.33 mIU/L), FT4 35.54 (7.86-14.41 pmol/L) aTPO 3.3 (<8IU/ml) – show

thyrotoxicosis. On regular therapy with a blocker, antiarrhythmic (Amiodarone), antihypertensive. Ultrasound of thyroid gland: Both lobes of the thyroid gland of normal size. On the left, there is a double nodular change R 10mm with small hypoechoic zones.On the right towards the isthmus there is a suspicious smaller nodule 4.5 mm. The patient was placed on thyrostatic therapy with Thyrozol 20 mg 2X1/2 and a thyroid scan (planar scintigraphy 74MBq 99m Tc04) was scheduled - hypofixing thyroid gland as a whole. a scan finding highly suspicious for subacute thyroiditis (dif. dg. iodine contamination). Amiodarone therapy was stopped, the dose of thyrostatic Thyrozol 2x5 mg was reduced. Complete remission after three months, the patient objectively and subjectively without complaints. Scheduled check-up in 6 months to monitor thyroid nodule.

Conclusion: Regular monitoring of thyroid function in patients on amiodarone therapy is essential for early detection of thyroid abnormalities.



АССИСТЕНТ Д-Р АЛЕКСАНДРА СТЕВЧЕВСКА

Асс.Д-р.Александра Стевчевска е интернист-ендокринолог, вработена во ЈЗУ Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања во Скопје од 2018 година. Работела како интернист на Клиника за токсикологија и ургентни состојби од 2011 година до 2018 година. Специјализацијата по интерна медицина ја завршува во 2013 година, додека суспецијализацијата од областа на ендокринологијата во 2021 година. Во моментот е асистент на Медицинскиот факултет во Скопје и докторанд на трет циклус докторски студии. Член на повеќе меѓународни организации од областа на ендокринологија и дијабетес. Автор и коавтор на публикации објавени во земјата и во странство.

ASSISTANT DR. ALEKSANDRA STEVCHEVSKA, MD

Ass.Dr. Aleksandra Stevchevska is specialist in internal medicine and subspecialist in endocrinology, employed by JZU Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders in Skopje since 2018. Previously she worked as an internal medicine specialist at the Clinic for toxicology and emergency internal medicine, from 2011 to 2018.She finished specialisation in internal medicine in 2013, while subspecialisation in endocrinology in 2021. Currently, she is an assistant at the Faculty of Medicine in Skopje and she is attending third cycle of doctoral studies. A member of several international organizations in the field of endocrinology and diabetes. Author and co-author of publications in the country and abroad.

ПАРАНЕОПЛАСТИЧЕН НЕУРОЕНДОКРИН СИНДРОМ КАЈ СИТНО КЛЕТОЧЕН КАРЦИНОМ НА БЕЛИ ДРОБОВИ

Вовед: Паранеопластичните синдром претставува хетерогена група на клинички синдроми, кој се состојат од збир на симптоми и знаци кој среќаваат кај пациенти со неоплазми. Околу 1-7,4% од пациентот со карцином ќе развијат паранеопластичен синдром(ПН синдром).Најчеста појава на овој синдром се бележи кај карциномот на бели дробови, особено кај ситно-клеточниот карцином (SCLC) ,како најчеста форма.

Приказ на случај: Пациентка на 62 години примена со тешка форма на симптоматска хипонатриемија. Утврдени беа ниска серумска осмоларност од 219,8 mOsm/kg, висока уринарна осмоларност од 405,5mOSm/kg, висок уринарен натриум од 132 mmol/l.Поради овие наоди ,клинички аспект на еуволемија , уредна бубрежна функција, исклучена адренална инсуфициенција и задоволителна суспституција со левотироксин, се постави дијагноза на SIADH.КТ на граден кош, во прилог на неоинфилтративен процес со знаци на ателектаза во постериорниот базален сегмент на левиот лобус.Бронхоксопски земена биопсија во прилог на ситноклеточен карцином на бели дробови.Поради перзистентна базална кортизолемија над горна граница ,со несоодветно ниво на АСТН над 15 pmol/L, беа направени дополнителни тестови за ектопичен Кушингов синдром, со наод на отсутна супресија и нарушена дневно-ноќна ритмика на кортизол.Се постави дијагноза на ектопичен SIADH и Кушингов синдром ,во склоп на паранеопластичен неуроендокрин синдром кај SCLC.

Дискусија: Прикажан е случај на SCLC, каде иницијалната и единствена презентација е со тешка форма на симптоматска хипонатриемија во прилог на синдром на несоодветна секреција на ADH. SIADH и ектопичниот Кушингов синдром се најчеста манифестација на ПН неуроендокрин синдром кај SCLC. Овие пациенти се со многу мала стапка на преживување и лоша прогноза.Со оглед на тоа што ПН синдром може да се презентира во раните стадиуми на неопластичниот процес, неговото рано откривање може да помогне во рана дијагноза и интервенција на SCLC.

PARANEOPLASTIC NEUROENDOCRINE SYNDROME IN SMALL CELL LUNG CANCER

Introduction: Paraneoplastic syndrome is a heterogeneous group of clinical syndromes, consisting of a set of symptoms and signs encountered in patients with neoplasms. About 1–7.4% of cancer patients will develop paraneoplastic syndrome (PN syndrome). The most common occurrence of this syndrome is recorded in lung cancer, especially in small-cell carcinoma (SCLC) as the most common form.

Case report: A 62 years old patient with severe form of symptomatic hyponatremia was admitted in our clinic. Lab analysis were in addition of low serum osmolarity of 219.8 mOsm/kg, high urinary osmolarity of 405.5mOsm/kg, high urinary sodium of 132 mmol/l. Due to these findings, clinical aspect of euvolemia, preserved renal function, excluded adrenal insufficiency and satisfactory supstition with levothyroxine, diagnosis of SIADH. CT of thorax was in addition to a neoinfiltrative process with signs of atelectasis in the posterior basal segment of the left lobe. Due to persistent basal cortisolemia above the upper limit, with an inadequate ACTH level above 15 pmol/L, additional tests for ectopic Cushing syndrome were carried out, with absent suppression and impaired circadian rhythm of cortisol. Ectopic SIADH and Cushing syndrome were diagnosed as part of paraneoplastic neuroendocrine syndrome in SCLC.

Discussion: A case of SCLC is shown, where the initial and only presentation is a severe form of symptomatic hyponatremia in addition to Inadequate ADH Secretion Syndrome. SIADH and ectopic Cushing syndrome are the most common manifestation of PN neuroendocrine syndrome in SCLC. Since PN syndrome can be presented in the early stages of the neoplastic process, its detection can help an early diagnosis and intervention in SCLC.



АСС. Д-Р БИЛЈАНА ТОДОРОВА

Асс. Д-р Билјана Тодорова е интернист-ендокринолог, вработена во ЈЗУ Клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболни нарушувања во Скопје од 2009 година. Специјалист Интернист е од 2014 година. Од 2021 година е Субспецијалист- Ендокринолог. Докторанд е на трет циклус на Докторски студии на универзитетот "Св. Кирил и Методиј" а од 2017 година е Асистент на катедрата по Интерна Медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Член на многу меѓународни организации од областа на ендокринологијата и дијабетесот. Автор и коавтор на бројни публикации објавени во земјата и во странство.

ASS. DR. BILJANA TODOROVA, MD

Ass. d-r. Biljana Todorova is an internist-endocrinologist, employed at the University Clinic for Endocrinology, Diabetes and Metabolic Disorders in Skopje since 2009. She has been an internist specialist since 2014. Since 2021 she is a Subspecialist-Endocrinologist. Doctoral student is in the third cycle of Doctoral studies at the University Ss" Cyril and Methodius" and since 2017 she is an Assistant at the Department of Internal Medicine at the Faculty of Medicine in Skopje. She is also member of many international organizations in the field of endocrinology and diabetes, and author of numerous publications published in the country and abroad.

КОРТИКОМЕДУЛАРЕН МЕШАН ТУМОР НА НАДБУБРЕЖНА ЖЛЕЗДА- ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Вовед: Надбубрежната жлезда е составена од два главни дела со различно ембриолошко потекло. Па затоа адреналните тумори кој што продуцираат и катехоламини и кортизол се исклучително ретки тумори и се нарекуваат кортико-медуларни мешани тумори на надбубрежната жлезда.

Приказ на случај : Пациентка на возраст од 48 години. Дијагностицирана хипертензија пред 6 години. Поставена на редовна терапија со 4 групи на антихипертензивни лекови .Крвен притисок 180/100 ммХг, главоболки, малаксаност, дебелеење, тахикардии. Обезна-90кг, ТВ168 цм, БМИ-31.9кг/м2. Cortisol-401,8;АСТН-1,77. Na-140;K-4,40;Ca++ 1,24.Брз дексаметазонски тест- 144,3nmol/l, 8 мг дексаметазонски тест-195,7nmol/l.Нарушен дневно-ноќен ритам на кортизол. VMA-110 (7.—68) ,metanefrini 26,19 (до 5,5). КТ на абдомен-Ту лезија на десната надбубрежна жлезда со големина од 52x49x35 мм. МРИ на абдомен- во прилог на аденом на десната надбубрежна жлезда.Ординирана кортикостероидна терапија предоперативно. Десна адреналектомија е направена. Хистопатолошки наод- Туморот се состои од две компоненти: Кортикална компонента: Клетки со униформно јадро и еозинофилна цитоплазма,распоредени во облик на гнезда. Медуларна компонента- хромафински клетки со поголеми јадра и гранулирана базофилна цитоплазма,распоредени во типична шема на раст за феохромоцитом. Имунохистохемија- кортикалната компонента е позитивна на инхибин, МеланА,синаптофизин и каретинин,а медуларната компонента позитивна на хромогранин и синаптофизин.

Дискусија: Адреналните инциденталоми најчесто се нефункционални или единечни хормонски продуцирачки тумори.Но постои можност да постои активност и во адреналната медула и кортекс истовремено.

Заклучок: Затоа комплетни адренални функционални испитувања се потребни пред хируршкиот третман за да се превенираат интраоперативните хипертензивни кризи и постоперативната адренална инсуфициенција.

CORTICOMEDULLARY MIXED TUMOR OF THE ADRENAL GLAND- CASE REPORT

Introduction: The adrenal gland is composed of two main parts with different embryological origins. Therefore, adrenal tumors that produce both catecholamines and cortisol are extremely rare tumors and are called cortico-medullary mixed tumors of the adrenal gland.

Case report: 48-year-old female patient. Diagnosed hypertension 6 years ago. Placed on regular antihypertensive therapy with 4 groups of antihypertensive drugs. Blood pressure 180/100 mmHg, headaches, malaise, weight gain, tachycardias. Obese-90kg, TV168 cm, BMI-31.9kg/m2. Cortisol- 401.8; ACTH-1.77. Na-140; K-4.40; Ca++ 1.24. Rapid dexamethasone test- 144.3nmol/l, 8 mg dexamethasone test- 195.7nmol/l. Disturbed day-night rhythm of cortisol. VMA-110 (7.68), metanefrini 26.19 (up to 5.5). Abdominal CT-Tumor lesion on the right adrenal gland measuring 52x49x35 mm. MRI of the abdomen- adenoma of the right adrenal gland. Corticosteroid therapy prescribed preoperatively. A right adrenalectomy was performed. Histopathological finding- the tumor was composed of two components: cortical component: clear cells with uniform nuclei and clear to eosinofilic cytoplasm, arranged in nests and cords, medullary component: chromaffin cells with larger nuclei and granular basophilic cytoplasm, arranged in the typical growth pattern of pheochromocytoma.Immunohistochemistry was done, so cortical component was positive for inhibin, MelanA, synaptophysin and calretinin and the medullary component was positive for chromogranin and synaptophysin.

Discussion: Adrenal incidentalomas are mostly nonfunctioning or solitary hormone-producing tumors. But there is a possibility that there is activity in the adrenal medulla and cortex as well.

Conclusion: Therefore, complete adrenal function tests are required before surgical treatment to prevent intraoperative hypertensive crises and postoperative adrenal insufficiency.



Д-Р ДАНИЕЛА ДОНЕВА

Д-р Даниела Донева е лекар, специјалист по интерна медицина и субспецијалист по ендокринологија, вработена во Општа болница Градска Општа Болница “8 ми Септември” - Скопје од 2012 година до сега. Дипломирала во 2007 година, завршила специјализација по интерна медицина во 2013 година и станала субспецијалист по ендокринологија во 2019 година, а од 2021 година е докторанд на Медицинскиот факултет во Скопје. Членка е и на многу национални и меѓународни организации од областа на интерна медицина, ендокринологија и дијабетес. Д-р Донева е коавтор на повеќе објавени научни статии во национални и меѓународни медицински списанија. Била ко-инвестигатор во неколку клинички студии од областа на интерната медицина и дијабетесот. Од 2021 година е едукатор по интерна медицина и е вклучена во Наставната служба на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на перспективни студенти.

DANIELA DONEVA, MD

Dr Daniela Doneva is a physician, specialist in internal medicine and subspecialist in endocrinology, an employee of the General Hospital “GOB 8 mi Septemvri” - Skopje, since 2012 till now. She graduated in 2007, completed specialisation in internal medicine in 2013 and became a subspecialist in endocrinology in 2019 , and since 2021 she is a PhD student at the Medicine faculty in Skopje. She is also a member of many national and international organization in the field od internal medicine, endocrinology and diabetes. Dr Doneva has co-authored a number publicized scientific articles in national and international medical journals. She has been a co-investigator in several clinical studies in field of internal medicine and diabetes. Since 2021, she is a educator of internal medicine and she has been involved in the Teaching Service at the University “ Goce Delcev” in Stip of perspective students.

БРАДИКАРДИЈА СЕКУНДАРНА НА ПРИМАРЕН ХИПЕРПАРАТИРЕОИДИЗАМ

Вовед: Кај примарниот хиперпаратиреоидизам, зголемувањето на една или повеке паратироидни жлезди, води до нарушување во метаболизамот на калциум, што резултира со повеке мултиоргански наружувања. **Приказ на случај**: Жена на 41 годишна возраст беше упатена на нашата клиника за евалуација на тироидна функција. Пациентката во изминатите неколку години имала анксиозност, вртоглавица, брадикардија и нарушена меморија. На преглед пациентката имаше пулс во мирување од 45 до 60 /мин, без други значајни абднормалности во физикалниот преглед. Лабораториските анализи покажаа покачен тотален калциум 2.75 ммол/л(2.10-2.55), високо ниво на јонизиран калциум 1.50 ммол/л(1.10-1.40) и високо ниво на ПТХ 138 пг/мл(15-65).Тироидната функција, нивото на креатинин и останатите лабораториски параметри беа нормални. покажа синус брадикардија , со средна фрекфенција од 47/мин(во опсег од 35-70/мин) и скртаен QT интервал. Ехокардиографијата и дензитометријата беа со уреден наод. Ултрасонграфија на абдомен покажа калкулоза во бубрег обострано. Скен на паратиродна жлезда со Тс 99m-MIBI покажа ретенција на трасер во долен пол на десен лобус, во прилог на аденом на паратироидната жлезда. Пациентката беше упатена на оперативен третман. За време на операцијата беше отстранета маса со големина 1.9x1.1x0.7цм, која хистопатолошки беше аденом на паратироидна жлезда. Постоперативно пациентката редовно ги реализира конролните прегледи, лабораториските анализи и 24 часовен холтер мониторинг ретест се во нормални вредности. На клинички план е без симптоматологија.

Заклучок: Брадикардијата може да биде клиничка манифестација на примарен хиперапаратиреоидизам, и кај пациентите со брадикардија неопходно е да се направи ендокринолошка евалуација.

BRADYCARDIA SECONDARY TO PRIMARY HYPERPARATHYROIDISM

Introduction: In primary hyperparathyreoidsm, enlargement of one or more parathyroid glands causes generalized disbalance in metabolism of calcium, resulting in a multisystemic disorders. Case report:A 41-year-old woman

was referred to our hospital for evaluatio of her thyroid function. She had complaints of anxiety , dizziness and memory impairment for several years. Physical examination findings her resting pulse varied between 45 and 60 bpm,with no other abnormal findings. Laboratory analysis showed elevated total calcium 2.75 mmol/l (2.10-2.55), high level of jonized Ca++1.50 mmol/l (1.10-1.40) and high level PTH 138 pg/ml (15-65). Thyroid function , kreatinin level and other laboratory investigation were normal. Twenty-four-hour Holter monitoring showed sinus bradycardia with a mean rate of 47 bpm (range 35–70 bpm) and showed short QT interval. Echocardiography and Dual-energy X- ray absorbometry were insignificant. Ultrasound of abdomen demonstreted kidney stones bilateral. Technetium -99m-MIBI scan showed retention of the contrast in the inferior pole od the right thyroid lobus which was positive for adenoma of the right inferior parthyroid gland. Patient was sent to surgical treatment. A 1.9 × 1.1 × 0.7cm mass consistent with a parathyroid adenoma was removed during surgery. After surgery , she is making regular check-up,with good clinical and laboratory findings.

Conclusion: Bradycardia maybe a clinical manifestacion of primary hyperaparthyroidism, and patients with bradycardia should be subjected to endocrinology evaluation .



Д-Р ИВАНА МЛАДЕНОВСКА СТОЈКОСКА

Д-р Ивана Младеновска Стојкоска, вработена на клника за Ендокринологија од Декември 2015. Во 2011 година завршила Медицински Факултет во Скопје а во Јануари 2020 завршила специјализација по ендокринологија. Зема активно учество во клинички студии, автор на повеќе апстракти и коафтор на трудови објавени во наши и странски списанија.

IVANA MLADENOVSKA STOJKOSKA, MD

Dr. Ivana Mladenovska Stojkoska is employed at the Clinic for Endocrinology since December 2015. In 2011 graduated on the Faculty of Medicine in Skopje and in January 2020 she completed specialization in endocrinology. She takes an active part in clinical studies, author of several abstracts and co-author of many publication in our and foreign journals.

РЕКУРЕНТЕН ПРИМАРЕН ХИПЕРПАРТИРОИДЗАМ КАЈ ПАЦИЕНТКА СО МЕДИЈАСТИНАЛЕН ПАРАТИРОИДЕН АДЕНОМ

Вовед: Медијастиналните паратироидни аденоми (МПА) се ектопична локализација на паратироидните жлезди (инфериорните паратироидни жлезди почесто се наоѓаат во предниот медијастинум а супериорните во задниот медијастинум), на кои припаѓаат 20% од сите ектопични паратироидни аденоми.

Приказ на случај: Ви претставуваме 63-годишна жена оперирана од примарен хиперпаратироидизам (ПХП) предизвикан од МПА во горниот преден медијастинум.

Пациентката е со остеопороза, тешка метаболна болест на коските, brown tumor на клавикула и osteitis fibrosis cystica на десната тибија. Од биохемиските анализи: ниски вредности на фосфор (0,5 mmol/l) и покачен калциум2+ (1,73 mmol/l.), алкални фосфатаза (982 U/L) и PTH (1612 pg/ml). Пациентката беше успешно оперирана со помош на гама-сонда. Постоперативните лабараториски наоди покажаа нормализирање на PTH и калциум шест месеци по операцијата. Патохистолошки наод: chief cell adenoma glanulae parathyroidae. По 9 месеци од операцијата се направи MIBI скен на паратироидни жлезди - нормален. Две години подоцна кај пациентката се појави рекурентен хиперпаратироидизам асоциран со покачени вредности на калциум 1,41 mmol/l (1,10-1,40) и PTH-88 pg/ml. Направивме Sesta-MIBI сцинтиграфија: хиперфункционално паратироидно ткиво во проекцијата на долниот пол на десниот тироиден лобус. Дијагнозата беше потврдена со КТ томографија на цистичен аденом на десната долна паратироидна жлезда.

Дискусија: Нашата пациентка има лесна хиперкалцемија и во следните посети во нашата клиника серумските нивоа на калциум беа нормални со повремено благо покачување. Повикана на следна контрола за 3 месеци и упатена на тораковаскуларна хирургија.

Заклучок: Примарниот хиперпаратироидизам поради ектопичен паратироиден аденом е поврзан со потешка клиничка манифестација, повисоко ниво на калциум и метаболна болест на коските. Рецидивите на примарниот хиперпаратироидизам по хируршката ресекција на МПА се предизвикани од пропуштен паратироиден аденом/хиперплазија или нецелосна ресекција.

A RECURRENT PRIMARY HYPERPARTHYROIDSM IN PATIENT WITH MEDIASTINAL PARATHYROID ADENOMA

Introduction: Mediastinal parathyroid adenomas (MPA) are ectopic localisation of parathyroid gland (inferior parathyroid glands are more frequently found in anterior mediastinum and superior in the posterior mediastinum), represented with 20 % from all ectopic parathyroid adenomas.

Case report: We present a 63 years old women who was operated of primary hyperparathyroidism (PHP) caused by MPA in upper anterior mediastinum. She has osteoporosis, severe metabolic bone disease, brown tu-

mor in the clavicle and osteitis fibrosis cystica at the right tibia. Depressed phosphorus (0,5 mmol/l) values and elevated calcium2+(1,73 mmol/l.), alkaline phosphatasa (982 U/L) and PTH levels (1612pg/ml) were present. The patient was successfully operated using gamma-probe guidancea. Post-operative labaratory findings have showed normalisation of PTH and calcium six monts after operation. Pathohistological finding:chief cell adenoma glanulae parathyroidae. MIBI scan was performed 9 mount after operation -normal. Two year later, the patient presented reccurent hyperparathyroidism associated with elevate calcium values 1,41 mmol/l (1,10 -1,40) and PTH-88 pg/ml. We performd Sesta-MIBI scintigraphy: hyperfunctional parathyroid tissue in the projection of the lower pole of the right thyroid lobe. Diagnosis was confrm with KT tomography on the nech- cystic adenoma of the right inferior parathyroid gland.

Discusion: Our patient has slight hypercalcemia and in the next visits in our hospital the serum calcium levels were normal with occasional slight increases. Called for a follow-up in 3 months and referred to thoracovascular surgery.

Conclusion: Primary hyperparathyroidism due to ectopic parathyroid adenoma is asociated with more clinical manifestation, higher calcium level and bone disease. Recurrens of primary hyperparathyroidism after surgical resection of MPA are caused by overlooked parathyroid adenoma/hyperplasia or incomplete resection.



Д-Р МАРИЈА ИЛИЈОВСКА

Д-р Марија Илијовска е родена 1990 година во Битола каде завршува основно и средно образование со континуиран одличен успех. Медицински факултет завршува во Скопје. Во 2015 година добива специјализација по ендокринологија, која навремено ја завршува во 2021 година на Клиниката за ендокринологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Своето работно искуство го започнува во ГОБ "8ми Септември" каде неколку години работи како доктор во Ургентниот Центар. По завршувањето на специјализацијата, своето работно искуство го продолжува во приватна клиника специјализирана за оплодување и лекување на инфертилитет. Во тек на специјализацијата зема активно учество на конгреси и едукативни курсеви во државата и странство меѓу кои EASD Postgraduate Course **во Софија (Бугарија),** EASD Postgraduate Course **во Сарајево (БИХ),** EASD Postgraduate Course **во Прага (Чешка),** EASD Postgraduate Course **во Скопје (Македонија)**. Д-р Илијовска има остварено повеќе професионални едукативни престои во странство и тоа за доедукација во полето на дијабетологијата и тироидологијата (Медицински факултет, Универзитет во Белград, Србија) и во полето на андрологијата, притоа учествувајќи во работата на неколку познати универзитетски андролошки центри во Италија. Член е на повеќе меѓународни организации од полето на ендокринологијата, андрологијата и дијабетесот.

MARIJA ILIJOVSKA, M.D.

D-r Marija Ilijovska is born in 1990 in Bitola where she finished primary and secondary education with continuous excellent success. She graduated from the Faculty of Medicine at the University of "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje. In 2015, she received a specialization in endocrinology, which she successfully completed on time in 2021 at the Endocrinology Clinic at the Faculty of Medicine in Skopje. She began her work experience at the City General Hospital "8th September", where she worked as a doctor in the Emergency Department for several years. After completing the specialization, she continued her work experience in a private clinic specializing in fertilization and infertility treatment. During her specialization, she takes an active part in congresses and educational courses in the country and abroad, including EASD Postgraduate Course in Sofia (Bulgaria), EASD Postgraduate Course in Sarajevo (BIH), EASD Postgraduate Course in Prague (Czech Republic), EASD Postgraduate Course in Skopje (Macedonia). D-r Ilijovska has completed several professional educational training abroad for further education in the field of diabetology and thyroidology (Faculty of Medicine, University of Belgrade, Serbia) and in the field of andrology where she participated in the work of several well-known university andrology centers in Italy. She is a member of several international organizations in the field of endocrinology, andrology and diabetes.

ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕСТИКУЛАРНАТА УЛТРАСОНОГРАФИЈА ВО РАНА ДИЈАГНОСТИКА НА КАРЦИНОМ НА ТЕСТИС – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Вовед: Тестикуларните карциноми (ТК) се застапени со 1-2% од сите карциноми кои ја афектираат машката популација, но се едни од најчестите малигноми кај млади. Постојат неколку ризик фактори за развој на тестикуларен germ cell тумор (ТГЦТ) како инфертилитет, крипторхизам и позитивна анамнеза за претходно дијагностициран ТГЦТ. Околу 5% од пациентите дијагностицирани со ТГЦТ имаат зголемен ризик за развој на метахрон контралатерален тестикуларен тумор (МКТТ). Тестикуларната ултрасонографија (ТУ) има значајна улога во раната дијагноза на ТК. Презентираме случај на пациент со МКТТ детектиран во тек на евалуација за машки инфертилитет.

Case report: Станува збор за 28 годишен маж упатен во нашата клиника поради инфертилитет. Пред 5 години е направена левострана орхидектомија поради ТК. Шест месеци пред да се јави во нашата клиника пациентот направи КТ на абдомен и УГТ и туморски маркери – резултатите беа со уреден наод. Во тек на прегледот за евалуација на инфертилитетот, направена ТУ која детектира туморозна формација (1,3цм). Туморските маркери беа уредни. Хормонскиот статус покажа елевирани вредности на FSH, LH со вредно-

сти на горна граница, додека TST и E2 беа под граници на нормала. Направена е туморозна енуклеација и последователно тестикуларна екстракција на сперма (TESE) од макроскопски здравото тестикуларно ткиво. Хистопатолошкиот наод е во прилог на семином задржан во тестис без пробивање на туника албугинеа.

Заклучок: ТУ е од исклучително значење за скрининг на тестикуларни лезии кај пациенти кои имаат зголемен ризик за ТК како и за проценка на примарниот тестикуларен тумор. Ова е особено важно бидејќи раната дијагноза на туморот би значело подобара прогноза за пациентот.

THE IMPORTANCE OF TESTICULAR ULTRASOUND IN EARLY DETECTION OF TESTICULAR CANCER – CASE REPORT

Introduction: Testicular cancer (TC) represent 1-2% of all male cancers in spite of being the most common malignancy among the youth. There are several risk factors for developing a testicular germ cell tumor (TGCT) such as infertility, cryptorchism and having had a previous TGCT. About 5% of the patients diagnosed with TGCT have increased risk of developing metachronous contralateral testicular tumor(CLTT). Testicular ultrasound(TU) has significant role in early detection of TC. We present a case report of a patient with CLTT detected during evaluation for male infertility.

Case report: A 28-year-old male was referred to our clinic for complete evaluation because of infertility. He had undergone left orchiectomy 5 years ago because of TC. Six months before visiting our clinic, the patient did CT of abdomen and pelvis and tumor markers-results were normal. During an examination related to the infertility, TU revealed a 1.3 cm tumor. Tumor markers were all normal. Hormonal examination showed that LH was on the upper limit, FSH had high values and TST and E2 were low. Tumor enucleation was performed and then testicular sperm extraction(TESE) was carried out from a macroscopically normal site of the testis. Histopathological the diagnosis was seminoma within the testis with no involvement of tunica albuginea.

Conclusion:TU plays a crucial role in screening for testicular lesion in patients with risk factors for TC and assessment of the primary tumor within the testicle. This is especially important because early detection of the tumor will mean better prognostic outcome for the patient.



Д-Р НАДИЦА БОЖИНОВСКА-ДИМОВА

Д-р Надица Божиновска-Димова е вработена во ПЗУ Клиничка Болница „Аџибадем Систина“, каде го води одделот за ендокринологија. Во 2019-та година го положила специјалистичкиот испит по ендокринологија, со што станала најмлад ендокринолог во Р. С. Македонија. Активно е вклучена во активностите на Македонското научно здружение на ендокринолози и дијабетолози од 2016-та година и е актуелен Секретар на здружението. Во моментот е сконцентрирана на клиничката пракса, со главни интереси од областа на тип 2 дијабетес мелитус, предијабетес, обезност, полицистичен оваријален синдром, стерилитет, гестациски дијабетес и трансродова терапија.

NADICA BOZHINOVSKA-DIMOVA, MD

Dr. Nadica Bozhinovska-Dimova works at the private clinical hospital “Acibadem Sistina”, and is Head of the endocrinology department. In 2019 she finished her Fellowship in endocrinology and gained her title as Specialist in endocrinology, whilst becoming the youngest endocrinologist in Republic of North Macedonia. She has been part of the organizational structure of the Macedonian Scientific Association of endocrinologists and diabetologists since 2016, presently she holds the position of Secretary in the association. Currently, she is focused on clinical practice, with type 2 diabetes mellitus, pre-diabetes, obesity, polycystic ovarian syndrome, infertility, gestational diabetes and transgender medicine as main areas of interest.

ТИРОИДНА БУРА – ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Тироидна бура е ретка и животно загрозувачка состојба, која се карактеризира со тешки клинички манифестации на тиреотоксикоза. Точната преваленца на состојбата е непозната, поради нејзината реткост, како и многу често пропуштено соодветно дијагностицирање со оглед на наглиот и тежок тек на состојбата, пропратени со висока стапка на смртност. На пример, врз основа на националните истражувања спроведени помеѓу 2004 и 2008 година, инциденцата на тироидна бура во Јапонија е проценета на 0,2 лица на 100.000 население, при што стапката на тироидна бура кај сите тиротоксични пациенти е 0,22%. Во овој приказ на случај следиме драматичен тек на пациентка со тироидна бура, низ сите фази од состојбата, заедно со рекуперацијата. Ова е прв дијагностициран случај на тироидна бура во Македонија со позитивен исход.

THYROID STORM – A CASE REPORT

Thyroid storm is a rare and life-threatening condition, marked by severe clinical manifestations of thyrotoxicosis. The exact prevalence of the condition is unknown, due to its rarity, as well as misdiagnosis on account of the severe course of the condition and its high mortality. For an example, based on nationwide surveys conducted between 2004 and 2008, the incidence of thyroid storm in Japan has been estimated to be 0.2 persons per 100,000 population, with the rate of thyroid storm in all thyrotoxic patients being 0.22%. In this case report we follow the dramatic course of a female patient with thyroid storm, through all of the condition’s stages, as well as the recovery of the patient. This is the first recorded case of thyroid storm with a positive outcome in Macedonia.



Д-Р НАТАША НЕДЕСКА МИНОВА

Д-р Наташа Недеска Минова е специјалист по интерна медицина вработена во Градска општата болница 8ми Септември - Скопје, Оддел за ендокринологија и дијабетес. Покрај тоа, таа едукатор по интерна медицина за студенти и специјализанти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија.

Дијабетес мелитус и компликациите од дијабетес се нејзино поле на особен интерес. Во моментов е на субспецијализација за дијабетологија на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања и докторант на Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и работи на докторски труд на полето на дијабетес и хронични компликации. Др. Недеска Минова е автор и ко-автор на бројни научни објави во научни списанија, учество на национални и интернационални конгреси, работилници, семинари, обуки итн. Учествувала и како главен испитувач и ко – инвестигатор на клинички студии од областа на дијабетологијата и КОВИД19. Член е на Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Република Северна Македонија, ЕАСД.

NATASHA NEDESKA MINOVA, MD

Dr. Natasha Nedeska Minova is a specialist of Internal Medicine at the General City Hospital 8 mi September - Skopje, department of endocrinology and diabetes. In addition, she is a student’s educator of Internal Medicine at the University “Goce Delchev” in Shtip, North Macedonia.

Diabetes mellitus and complications of diabetes, are her field of interests. Currently she is at subspecialisation of diabetology at University Clinic of endocrinology, diabetes and metabolic disorders, and PhD student at *Ss. Cyril and Methodius University* in Skopje, working at the field of diabetes and chronic complications. Dr. Nedeska Minova has authored and co-autored many scientific articles in national and international publications, conferences, workshops etc. She has been principal and co-Investigator in several clinical studies in the field of diabetes and COVID19. Member of Scientific association of endocrinologists and diabetologists of Republic of N. Macedonia , EASD.

ТЕЖОК ОБЛИК НА ЛИПОЕДЕМА И ОБЕСИТАС, ТЕРАПЕВТСКИ ПРЕДИЗЦИ: ПРИКАЗ НА РЕДОК СЛУЧАЈ

Вовед: Липоедема е системска болест со пореметена акумулација и дистрибуција на масното ткиво, заради пореметен мастен метаболизам. Идентификувана е како посебен клинички ентитет во САД во 1940год. Патофизиолошките механизми се непознати но позната е генетска предиспозиција. Најчесто е непрепознаена и клинички се презентира како липоедема , липолимфоедема, или комбинирана со обезитас. Случај:Презентиравме случај на 42год. жена која се јави на преглед заради прекумерна телесна тежина(ТТ) со БМИ 93.6кг/м2. со непропорционална акумулација на масти на двете нозе. Спроведените хигиено-диететски модалитети биле без успех. Според клиничката процена се работи за комбиниран тип(2 и 5) на липоедема во четврти стадиум (липолимфоедема), со дебелина и коморбидитети. Спроведена е нискокалорична кето диета, медикаментозна терапија и баријатрична хирургија, а потоа е пристапено и кон терапевтска и реконструктивна пластична хирургија. Заради повторен пораст на ТТ отпочнато е со ГЛП1-РА што резултираше со намалување на ТТ.Целокупниот третман заврши со загуба во тежината од 91 кг и значително подобрување на здравствената состојба.

Заклучок: Етио-патолошките механизми за липоедема се и понатака нејасни. Со овој случај прикажавме дека терапевтските предизвици за ваков тежок случај се големи. Потребен е мултидисциплинарен пристап кој беше ефективен, го подобри квалитетот на живот и превенира коморбидитети.

SEVERE FORM OF LIPOEDEMA AND OBESITY, THERAPEUTIC CHALLENGE: REPORT OF A RARE CASE

Objective: Lipoedema is a systemic disease with disssarenged accumulation and distribution of fat tissue, due to disturbed fat metabolism. It was first introduced as a separate clinical entity in the United States in 1940. The cause is unknown, but is bealieved genetic factors to be involved. Mostly clinically misdiagnosed, it presents as lipoedema, lipolymphedema, or combined with obesity.

Case: We present a case of a 42-year-old woman introduced in the endocrinology department due to overweight with a BMI of 93.6kg/m2 and disproportionate accumulation on fat tissue on both legs. All efforts for hygiene-dietary modalities were insufficient. According to the clinical findings, it is combined type 2 and 5 of lipoedema in stage IV, with obesity and comorbidities. Treatment with low-calorie diet, medicines and bariatric surgery was implemented. After that therapeutic and reconstructive plastic surgery was approached. Due to a weight regain, GLP1-RA was started, resulting with reduction of body weight. The overall treatment resulted with a weight loss of 91kg and a significant improvement health condition.

Conclusion: The etiology and pathophysiology of lipedema remain unclear. The case at hand shows that there are huge therapeutic challenges for such a complex case. We show that this kind of multidisciplinary approach is necessary and it was effective, improved the quality of life and prevented comorbidities.



Д-Р РАДМИЛА МИЛОШЕСКА

Д-р Радмила Милошеска е родена на 20.09.1987 година, во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, континуирано со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се запишала во октомври 2006 година, а дипломирала во 2012г со просечен успех 9,00. Во декември 2012 се здобила со лиценца за работа, а во март 2013 година се запишала на специјализација по ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања, а специјалистичкиот испит го положила на 08.11.2019 година и се стекнала со звањето специјалист по ендокринологија, дијабетес и метаболни заболувања. Во периодот декември 2012 до декемеври 2015 година волонтирала во Ургентен центар при ГОБ " 8ми Септември", а потоа и вработена е во ГОБ "8-ми Септември" на Одделот за ендокринологија. Одлично владее ехотомографија на тироидна жлезда, а во тек е и едикација за тенкоиглена биопсија на промени на тироидна жлезда. Учесник на голем број настани во полето на дијабетес и ендокринологија, а воедно автор и коавтор на научни и стручни трудови.

RADMILA MILOSHESKA, MD

